XVI

# ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

# ПРОХОР ПЧИНСКИ '89

12 — 21 - VI - 1989

**НАРОДЕН МУЗЕЈ — КУМАНОВО И**
**РАБОТНИЧКИ УНИВЕРЗИТЕТ**
**„МОША ПИЈАДЕ" — ВРАЊЕ**

**организираат**

**ШЕСНАЕСЕТТА ИЗЛОЖБА**
**НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА**
**ПРОХОР ПЧИНСКИ '89**

**КУЛТУРЕН ЦЕНТАР — ВРАЊЕ**
**— МАЛИ САЛОН —**

**6—20 IX. 1989**
**УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО**
**10—25 X. 1989**

УЧЕСНИЦИ
ВО
КОЛОНИЈАТА



Т. — Гарски



Љ. Гаиќ



Ј. Дејановиќ



В. Ѓеорѓиевски



С. Ѓорѓиќ



М. Каран




Б. Карановић



Д. Кожовић



М. Кочевски



Б. Лазески



Н. Опачић



М. Синдић



С. Цакић



С. Шобота

Историски значаен факт е дека во манастирот „Прохор Пчински" — во близината на Куманово, се одржа Првото заседание на АСНОМ. Во таа бliска 1944 година македонскиот народ се избори за своја државност, во југословенската заедница на рамноправни народи и народности. Идејата да се основа ликовна колонија пред повеќе од петнаесет години беше мотивирана од намерата — низ уметничкото творештво да се развиваат револуционерните традиции во овој крај. И оваа година, по обичај, се собраа уметници од повеќе југословенски градови кои работеа во ретко привлечниот и автентичен амбиент на манастирот во чиј комплекс се наоѓа новиот Меморијален музеј на АСНОМ и обновените конаци.

Кога се говори за уметничко создавање според определената тематика тоа подразбира разликување на два периоди. Првиот е кога уметниците во тешки воени услови (1941—45), во збегови или на слободна територија создаваа автентични ликовни сведоштва за тоа време (скици, цртежи, графики, поретко слики и скулптури). Вториот е по ослободувањето кога цртежите направени во воени услови ќе им послужат на многу уметници како материјал за создавање поразработени и посложени ликовни целини. За нив Револуцијата остана трајна инспирација и творечки предизвик, а некои ги прошируваат интересирањата на теми од победата и слободата, на изградбата на југословенското повоено општество. Овие теми се обработувани, согласно со афирмираните принципи на слобода во творештвото (особено по 1950 година во широк стилски дијапазон, од реалистичко до апстрактно, од наративно до симболично претставување. Во облоста на сликарството, скулптурата и меморијалната архитектура создадени се вредни дела кои со своите содржини остануваат толкувачи на нашата епоха, сведоци на времето, величината и значењето на историските настани од блиските револуционерно минато.

Свој придонес во развивањето на оваа уметничка традиција дава и ликовната колонија „Прохор Пчински" која поседува бројни дела од нашите уметници од постарата, средина и помлада генерација. Тие често земаат мотиви од непосредниот историски настан и амбент на манастирот, но исто така ги прошируваат своите интересирања на теми од народноослободителната борба. Притоа, забележливо е дека тие не прават компромиси туку остануваат доследни на својот определен ликовен јазик што ги проширува аспектите на уметничката интерпретација на историските теми. Заедничко својство на овие дела, и кога се работи за директно внесување на конкретни предмети и мотиви, е посредниот, алузивен начин на претставување — во вид на евокација и лирско сеќавање. Тоа е карактеристично за остварувањата и на годинашниве учесници на ликовната колонија кои пружат можност за нови согледувања на оваа специфична област на уметничкото творештво во нашата земја.

Владимир Величковски

**АТАНАСОВСКИ ТАНЕ — ГАРСКИ**

Роден 1938 во с. Гари. Заврши Филозофски факултет во Скопје група Историја на уметност со Археологија. Член на ДЛУК и ДЛУМ. Приредил 30 самостојни изложби и учествувал на бројни колективни изложби во републикава и надвор од неа. Добитник е на Ноемвриската награда на град Куманово и повеќе награди на ДЛУК.

Адреса?
Киро Антевски 8 Куманово

— ДЕН КОЈ СЕ ПАМЕТИ





**ГАИК ЉУБОМИР**

Роден 1948 год. во с. Богутово близу Бјељина. Завршил Академија за ликовна уметност во Београд 1973 г. во класата на Неделко Гвозденовиќ и Раденко Мишевиќ. Член на УЛУБ иХ а. Живее во Бања Лука како слободен уметник. Студиски престојувал во Холандија, Италија и Германија. Самостојно излагал на 12 изложби во земјава и странство и над 50 изложби колективно.

Адреса:
Августа Шеное 1
78000 Бања Лука

— ПОСЛЕ ВОЈНАТА
— МЕЛАНХОЛИЧНА СЛИКА

**ДЕЈАНОВИЌ ЈОВИЦА**

Роден 1957 год. во Врање Академија за ликовна уметност завршил во Белград 1980 год. Член на УЛУС од 1985 год. Самостално излагал во Врање, Белград, Салцбург, Колективно излагал во Никшиќ, Белград, Смедерево, Алексинац, Мајданпек, Врање, Куманово, Тузла и др. Добитник е на повеќе награди и признанија за сликарство.

Адреса:
Загребачка 39 Врање

— ЗЛОСЛУТНИЦА
— МАНАСТИР Св. ПРОХОР ПЧИНСКИ





**ЃОРЃИЕВСКИ ВАНЧО**

Роден 1924 год. во Скопје. 1952 год. дипломирал на Академијата за Ликовна уметност во Белград. Член на ДЛУМ. Самостојно се претставил повеќе пати во републикава и надвор. Колективно излагал на изложбите од ДЛУМ Музејот на Современата уметност од Скопје, Сојузот на уметниците на Југославија и други музеји и галерии во земјава и странство.
Добитник на повеќе Републички и сојузни награди и признанија за ликовно творење и педагошка работа меѓу кои се издвојуваат: Републичките „ЕДИНАЕСЕТИ ОКТОМВРИ", „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ", „НЕРЕШКИ МАЈСТОРИ", „ЗАСЛУЖЕН ПЕДАГОГ НА ЈУГОСЛАВИЈА" и др.

Адреса:
Капиштец 22 Скопје

— ПОРТА
— РЕВОЛУЦИЈА

**ЃОРЃИЌ СТОЈАНКА**

Родена 1956 во Панчево завршила Академија за ликовна уметност во класата на Зоран Петровиќ како и поздипломски студии. Член на УЛУС од 1981 год. 1984 студијски престој во Франција. Живее во Белград како солбоден уметник Самостојно излагала осум пати во Белград, Титоград, Рijека, Будва и Смедерево. Учествувала на повеќе од 40 колективни изложби организирани во земјава и странство.

Адреса:
Јурије Гагарин 190—33
11070 Нови Белград

— КОЊАНИК I
— КОЊАНИК II
— УБАВО ДРУЖЕЊЕ ЕДНО ПОПЛАДНЕ ВО ПРОХОР ПЧИНСКИ





**КАРАН МЛАДЕН**

Роден 1951 год. во Голема Жуљевица во Босански Нови. Завршил Академија за ликовна уметност во Загреб, отсек сликарство во класата на Василије Јордан. Член на ХДЛУ — Загреб. Самостојно излагал во Загреб, Франкфурт, и Ланген. Колективно излагал на бројни изложби во земјава и странство.
Добитник е на наградата за сликарство на СИЗ за култура на општина ОПАТИЈА.
— МИНАТО

Адреса:
Фроидеова 1 Загреб

## КАРАНОВИЌ БОШКО

Роден 1924 год. во Босанска Крупа. Завршил Белградска академија. Професор на Факултетот за ликовна уметност во Белград.

Адреса:
Булевар Револуција 225/IV
Белград

— СЕКАВАЊЕ НА КАРПОШ
— ПИЈЕСТАЛНИ ПАНО
— ВО ЧЕСТ НА ВОЈНИКОТ И. Г. К.





## КОЖОВИЌ ДИЈАНА

Родена 1954 во Белград. Завршила Ликовна академија во Белград 1978 год. Магистрирала 1980 год. на отсек за цртеж. Член на УЛУС од 1980. Самостојно се преставила 6 пати и тоа во: Белград, Ивањица, Сарајево, и Шабац. Колективно излагала на повеќе од 20 изложби во повеќе галерии во земјава.
Добитник е на наградата I Југословенска колонија на млади во Ивањица 1982 год.

Адреса:
Високог Стевана 31
Београд

— СЛОБОДНА ТЕРИТОРИЈА
— МАНАСТИР СВ. ПРОХОР ПЧИНСКИ
— ПОРТРЕТ

## КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО

Роден 1943 год. во с. Св. Петка. Дипломирал на Академијата за Применета уметност во Белград 1968 год. Член на ДЛУМ, Групата „77“ и ДЛУ — Битола. Самостојно излагал 12 пати и тоа: Битола, Кавадарци, Неготино, Титов Велес, и Скопје. Колективно излагал повеќе пати со ДЛУМ, Групата „77“ и ДЛУ Битола.
Добитник на повеќе награди и признанија за сликарство, цртеж, графики и дизајн.

Адреса:
Пецо Божиновски 46 II—7
Битола

— БЕГАЛЦИ
— СЛИКА 3941






## ЛАЗЕСКИ БОРКО

Роден 1917 год. во Прилеп. Од 1939—41 студира на ликовната академија во Белград во класата на Мило Милунковиќ, 1943 год. дипломирал на Државната Ликовна академија во Софија кај проф. Никола Ганушев. Член на ДЛУМ и групата „ДЕНЕС“ (нејзин основач). Од 1946—48 како стипендист на Француската влада во Париз специјализира, фреско, мозаик и витраж. Повеќе години беше професор во Уметничката школа и Педагошката академија во Скопје и Академијата за ликовна уметност во Багдад. Приредил повеќе самостојни изложби во земјава и странство и учество на голем број колективни изложби од Сојузен и меѓународен значај.
Добитник е на најголемите признанија и награди за ликовно творење во републикава, како и од сојузни рамки и меѓународни. Творец и изведувач на голем број на МОНУ — монументални ликовни дела (фрески, мозаици и витражи) во земјата и странство.

Адреса:
Отон Жупанчиќ 15 Скопје

— ВО ЧЕСТ НА КАРПОШ

**ОПАЧИЌ НЕНАД**

Роден 1949 год. во Вараждин. Академија за ликовна уметност завршил во Загреб 1972 год. во класата на Раул Голдони, 1972 год. до 1975 год. е соработник на мајсторската работилница на Крсто Хегедушиќ. Самостојно се преставил на 40 изложби во Загреб, Вараждин, Лепоглава, Чаковец, Марибор, Белград, Фиренца, Виена, Куманово, Осијек, Сарајево, Задар, Зрењанин, Сомбор, Суботица, Панчево, Сремска Митровица, Опатија и Дубровник. Колективно излагал на повеќе од 80 изложби во земјава и странство.

Адреса:
Барчичева 6 Загреб

— ОТПОР I
— ОТПОР II





**СИНДИЌ МИЛЕНКО**

Роден во Тиват 1930 год. Завршил Уметничка школа во Херцег Нови и Педагошка школа во Цетиње. Сликарство учел кај Милуновиќ, Лубарда, Кујачиќ и Лековиќ. Член на ДУЛ на Црна Гора. Приреди над 30 Самостојни изложби во земјава и бројни учества на колективни изложби во земјава и странство.
Добитник е на бројни награди и признанија за сликарство и педагошка работа од сојузни рамки.

Адреса:
Сердара Шќепана ББ Никшиќ

— КОЛОНА
— ЗАСЕДА

**ЏАКИК СРЃАН**

Роден 1962 год. во Лесковац. Завршил Академија за Примената уметност 1988 год. во Белград во класата на проф. Кукича. Работи како сценограф во Народен тетар во Лесковац.

Адреса:
Народен театар 16000 Лесковац

— ПРОБИВАЊЕ НА СВЕТЛОСТА
— СЛУТЊА





**ШОБОТА СЛОБОДАНКА**

Родена 1947 год. во Панчево. Академија за Ликовна уметност завршила во Белград во класата на проф. Љубица Сокиќ. Член на УЛУС. Самостално излагала повеќе пати во Панчево, Нови Сад, Крањ, Битола, Зрењанин, Суботица и Сомбор. Колективно излагала на повеќе од 30 изложби во земјата и странство.
Добитник е на повеќе награди за сликарство меѓу кои се истакнува стипендијата на фондот „МОША ПИЈАДЕ" 1978 год. во Белград.

Адреса:
П. Мангановича 19 Панчево

— ЕКСПЛОЗИЈА
— ПОСЛЕ ЕКСПЛОЗИЈА

ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА „ПРОХОР ПЧИНСКИ" — Куманово

ТРАЈЧЕ ТРАЈКОВСКИ — претседател

ТАНЕ АТАНАСОВСКИ — ГАРСКИ, секретар

ЈОСКО ЈАКИМОВСКИ

РАДМИЛА ЦАРТОВА

ТАТЈАНА АРСОВСКА

БОРИС КУКУЊАВСКИ

РАДОМИР КАРЕВСКИ

НАСО БЕКАРОВСКИ

МИРОСЛАВ ПОПОВИК

ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ

ЃОТО ЧУЛАКОВСКИ

МОМЧИЛО АВРАМОВСКИ

ДОБРИНКА КРСТЕВСКА

ПЕТАР ВЕЛИЧКОВСКИ

ВАНЧО СТОЈМАНОВСКИ

МИРА СТЕФАНОВСКА

ГОЦЕ ЈАКИМОВСКИ

РАТКО ДАМЈАНОВСКИ

ВЛАДО ВЕЛИЧКОВСКИ

МОМЧИЛО ПЕТРОВСКИ — МОЦО

ЗОРАН ЈАКИМОВСКИ

Главен и одговорен уредник:
Јоско Јакимовски
Предговор: Величковски Владимир
Каталог: Гане Гарски
Фотографии: Зафировски Слободан

Печатено во печатница „Просвета“ — Куманово
Тираж: 400